**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално друштво за заедничко вложување од страна на Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциенгезелшафт (Dr. Ing. h.c. F. Porsche Aktiengesellschaft) со регистрирано седиште на Поршеплац 1, 70435 Штутгарт, Германија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенгезелшафт во Минхен ( Münchener Rückversherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München) со регистрирано седиште на Коенигинстрассе 107, 80802 Минхен, Германија (предмет бр. 08-26/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.02.2020 година а дополнето на 17.02.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално друштво за заедничко вложување од страна на Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциенгезелшафт (Dr. Ing. h.c. F. Porsche Aktiengesellschaft) со регистрирано седиште на Поршеплац 1, 70435 Штутгарт, Германија и Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенгезелшафт во Минхен (Münchener Rückversherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München) со регистрирано седиште на Коенигинстрассе 107, 80802 Минхен, Германија.

Учесници во концентрацијата и нивните деловни анктивности:

Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциенгезелшафт (Dr. Ing. h.c. F. Porsche Aktiengesellschaft) е германски производител на автомобили специјализиран во дизајнирање, производство и дистрибуција на спортски автомобили со високи перформанси, СУВ возила (SUV) и седани. Порше е дел од Фолксваген Груп (Volkswagen Group).

Фолксваген Груп ги има следните регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија:

- Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, со регистрирана дејност - Финансиски лизинг;
- Акционерско друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со седиште на бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје - Бутел, Бутел, со регистрирана дејност - дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;
- Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје - Бутел, Бутел, со регистрирана дејност - трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија и
- Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден, со седиште на ул. 34, бр. 7, Илинден, Илинден, и со регситриранана дејност - трговија со останати моторни возила.

Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенгезелшафт во Минхен (Münchener Rückversherungs-Gesellschaft Aktiengesellschaft in München) е меѓународна осигурителна компанијакоја го опфаќа целиот ланец на вредности на реосигурување, примарно осигурување (на пр. ERGO) и решенија за ризик поврзани со осигурување и нуди услуги за управување со имот (MEAG).

Мунхенер Рукферзихерунгс-Гезелшафт Акциенгезелшафт нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Релевантниот пазар на производ за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар за IT консултантски услуги.

Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на *Република Северна Македонија.*

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.02.2020 година
Скопје